Република Македонија
**Национална установа Музеј на современата уметност - Скопје**
Ул.Самоилова бб.п.ф.482,1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.02 311 77 34;факс 02 311 01 23
ел.пошта: msu-info@msuskopje.org.mk
www.msuskopje.org.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ СКОПЈЕ
Бр. 03-157/3
20.10.15 год.
СКОПЈЕ

27.10.2015
14-153/40

До
Државен завод за ревизија
Скопје

Врска–Предлог Извештај на ДЗР за успешност во музејската евиденција во РМ

Предмет - Изестување

Почитувани,

НУ Музеј на современата уметност Скопје,на ден 01.10.2015 година го доби Предлог Изештајот на ДЗР за успешност во музејската евиденција во Р М, кој ДЗР го спроведе во периодот од 01.04.2015 год. до 07.04.2015 година во установите од областа од културата .

Овој Предлог Извештај опфаќа обемен дел од работата на националите установи во рамките на заштита на културното наследство, преку музејската евиденција, која секако претставува најважниот дел од основната дејност во музеите во РМ.

Во таа смисла сакаме да укажеме на забелешките што се во Предлог Извештајот, што ни го доставивте.

I ставка од Предлог ивештајот
Сакаме да укажеме дека оваа регулатива во целост е во хартиена форма согласно Законот, а во електронска форма е започната во 2008 година со набавка на моќен хардвер и авторизиран соодветен софтвер, компатибилен со Венецијанската програма, за што се консултиравме со Центарот за дигитализација на УЗКН

Бидејќи станува збор за исклучително обемни податоци, а во немање на стручен кадар,( специјализиран за вакво работење ), податоците ги внесуваа кустоси, кои имаа свои работни задачи и обврски, поради што ни беше потребен подолг временски период.

Евиденцијата со основните податоци, според Правилникот , е завршена во 2013 година,а официјално ја промовиравме во 2014 година.

Сакаме да укажеме на фактот, дека, оваа материја е жива и секојдневно генерира нови податоци, кои се внесуваат континуирано во системот.

II ставка од Предлог извештајот
Во врска со оваа ставка, укажуваме дека, во Музејот се води и хартиена и електронска евиденција согласно член 7 и 13 од Правилникот.

Електронската евиденција на каталогот на музејски предмети, овозможува во секој момент да се отпечати каталог за конкретен музејски предмет.

Како што погоре кажавме, бидејќи материјата е жива, евиденцијата во каталогот на музејски предмети во електронска форма, бара постојано бележење на промените во електронската евиденција по доспеана нова информација за секој конкретен музејски предмет и автор, а печатењето во хартиена форма се врши по потреба за презентирање.

III ставка од Предлог извештајот
Во врска со оваа ставка сакаме да објасниме дека, Музејот ги внесува сите податоци во музејските книги ( влезна, инветарна, книга за изложби и останати ) во хартиена и електронска форма од основањето на Музејот до денес.

IV ставка од Предлог извештајот
Во Музејот се води книга на изложби и манифестации и во хартиена и електронска форма.

Во прилог Ви доставуваме еден отпечатен примерок од Каталогот за еден уметнички предмет, како пример за начинот на водење на овој вид евиденција, како и екстрахиран дел од книгата на изложби и манифестации.

Почитувани,со овој допис со појаснувања,сакаме да ја нагласиме нашата заложба дека чиниме се за ефикасноста и осовременување во музејското работење.

Со почит,

Секретар правник
Јован Грдановски

Елиза Шулевска
Директор

Раководител на збирки
Захаринка А.Бачева